# EMPEDOCLE'S TEACHING

**Toni Naunovski**
Euro College, Kumanovo, Republic of N. Macedonia, naunovski_sk@yahoo.com

**Abstract:** In the history of Philosophy, Empedocles first creates a philosophical system, complete a whole of learning that contains ontology, cosmology, biology, epistemology and ethics. Exceeding her predecessors Heraclitus and Parmenides, Empedocles develops an impressive consistent system of concepts that with their originality and creativity have a significant impact on various aspects of the history and development of the great ideas that are the foundation of human humanism and civilization, much more than it is commonly recognized in the previous studies of Empedocles.
**Keywords:** ontology, cosmology, biology, epistemology, ethics

# УЧЕЊЕТО НА ЕМПЕДОКЛЕ

**Тони Науновски**
Евро-колеџ, Р.С. Македонија, naunovski_sk@yahoo.com

**Апстракт:** Во историјата на филозофијата Емпедокле прв создава филозофски систем, заокружена целина на учење во кое се содржат онтологија, космологија, биологија, гносеологија и етика. Надминувајќи ги претходниците Хераклит и Парменид, Емпедокле развива импозантен конзистентен систем на концепции кои со својата оригиналност и креативност имаат битно влијание во различни аспекти на историјата и развитокот на големите идеи кои се фундамент на човечкиот хуманизам и цивилизација, многу повеќе отколку што тоа вообичаено се признава во досегашните истражувања на учењето на Емпедокле.
**Клучни зборови:** Онтологија, космологија, биологија, гносеологија, етика

## ОНТОЛОГИЈА

Филозофскиот систем на Емпедокле (роден околу 490 г.п.н.е.во Агригент, Сицилија) е втемелен на принципот дека од ништо не може да настане нешто, и дека нештото не може да премине во ништо – „Будали! Плитки им се мислите, кога навистина веруваат, дека може да постане она, што порано не било, или дека нешто може да умре и сосема пропадне“, а понатаму вели „не може нешто да постане од она, што никако не постои, а неизводливо е и нечуено, дека постојното може да пропадне, затоа што секогаш ќе биде онаму, каде што еднаш некој го постави“. Емпедокле во историјата на филозофијата воведува нов принцип – нема апсолутно постанување и исчезнување, туку постанувањето е всушност мешање, а исчезнувањето е раздвојување на четирите основни корени на сите нешта – „Најпрво слушни ги четирите корени на се: Сјајниот Зевс (Огнот), Животворната Хера (Воздухот), и Адонеј (Земјата), и Неста (Водата)“. Од тие корени, елементи, со мешање се создава сета разноликост на светот –„Нешто друго ќе ти кажам: нема раѓање ни кај едно од смртните суштества а ниту крај во погубната смрт, туку постои само мешање и раздвојување на она, што е помешано. (тоа) Само кај луѓето се нарекува раѓање“. Тој прв ја воведува теоријата за четирите елементи, чија дијалектичка конструкција ќе ја забележат Платон и Аристотел. Корените на нештата се вечни, квалитативно одредени, и непроменливи – „Тие (елементи, корени) се еднакви по силина и потекло. Еден од нив врши оваа, а друг онаа служба, секој (има своја) особина, а наизменично владеат со текот на времето. И освен нив баш ништо не придоаѓа, ниту престанува, затоа што сосема да пропаднеа, не би ги било повеќе. Но, што би можело таа целина да ја золеми и од каде би дошло? А како би пропаднала, кога ништо не е празно од овие (елементи)? Не, само тие постојат, а со тоа, што тие еден низ друг кружат, постанува сега ова, сега она, и така натаму и натаму, секогаш слично“. Емпедокле воведува координација на четирите елементи во нивното ваемно ограничување, условување и мешање. Севкупното мноштво на предметите постанува и пропаѓа со спојувањето и раздвојувањето на земјата, водата, оганот и воздухот. Од нивниот состав и размер на деловите зависи и квалитетот на предметите, како што од четирите основни бои со мешање настануваат сите други. Како и сликарите што со хармонично мешање на тие бои ги создаваат сите можни ликови, така и природата создава се со мешањето на стихиите, корените – „Како што сликарите, луѓе кои што (поради својата) надареност добро се разбираат во уметноста, кога со боите ги сликаат жртвените дарови и откако со рацете ги земаат разнобојните отрови и хармонично (помешаат од) една повеќе една помалку, создаваат од тоа ликови на се (можно) слични, изработуваат и дрвја и мажи и жени,

sверови и птици и риби, кои се хранат во водата, и долговечни богови, најмногу славени, така нека лагата не ти го излаже разумот, дека (можеби)од друо (освен од елементите) потекнувал изворот (на сите) смртни (нешта), колку и да очигледно безброј настанале туку знај го тоа точно, затоа што од божество го слушна".
Меѓутоа, елементите не можат сами да се спојуваат и раздвојуваат. На таа мртва, со апстракција ослободена од секое самодвижење, граѓа, Емпедокле и ја спротивставува силата која ја движи, како нешто метафизички самостојно, како што се самостојни и самите елементи, но истовремено и материјално, како што се материјални и самите елементи. Самите елементи во својот прапочеток не егзистираат секој за себе одвоено, туку сите се во една мешавина – сфајрос (топка), и тоа е едно, општо, кое се во себе опфаќа, мирува и во него нема ништо поединечно. Општото постои како единство, има облик на топка и потенцијално ја содржи во себе мноштвената објективност на светот. Во таа хармонија се почива како општа неодреденост – „Во цврстото засолниште на хармонијата лежи сфајросот во облик на топка, радувајќи се на самотијата која владее наоколу – од сите страни на себе еднаков и секаде бескраен". Емпедокле разликува две космотворни сили – етички позитивната односно онаа која корените ги спојува: љубовта, пријателството, и етички негативната, онаа сила која ги раздвојува стихиите: омразата, непријателството. Тие две сили Емпедокле ги замислува како распространети и материјални. Оттаму, Емпедокле е првиот филозоф кој се појавува како претставник на учењето за материјата и силата. Тие сили и четирите елементи тој ги нарекува „еднакви" – „Огнот, и водата, и земјата, и бескрајната висина на воздухот, и одвоена од нив омразата, по сила еднаква на сите нив, а со нив и љубовта, се под еднаква должина и ширина".
Љубовта и омразата се два вечни, ненастанати принципа, кои постојат со четирите елементи, и затоа некои историчари на филозофијата во своите интерпретации тврдат дека Емпедокле за објаснување на светот има шест принципи, а не четири. Љубовта и омразата владеат со сиот свет, но владеат и со човекот и со се друго. Тој дуализам постои од вечноста, иако со тоа не е објаснето зошто се заменуваат љубовта и омразата и каде е причината за сето тоа. Состојбата на сфајросот, во кој нема празен простор, е потполно владеење на љубовта, а подоцна, со постепено делување, омразата почнува да ја раздвојува таа целина и да формира мноштво. Кога омразата ќе ја достигне кулминацијата, повторно почнува да се засилува љубовта и се постепено се враќа во првобитната состојба, вечно враќање на истото (Ф. Ниче). Љубовта и омразата треба да се разликуваат од привлекувањето и одбивањето. Љубовта го раздвојува еднородното, а спојува разнородното, од многу прави едно; додека омразата го раздвојува разнородното а спојува еднородното, од едното прави многу – „И тоа постојано изменување никогаш не престанува, сега се по љубовта се соединува во едно, а сега повторно се се раздвојува со омразата. Поради тоа, како што обично од мноштвото постанува едно, а со распаѓањето на едното повторно произлегува мноштво, така и постануваат нештата и животот не им е траен. Но како што постојаното изменување никогаш не престанува, така и нештата се секогаш трајни за време на кружниот тек".
Емпедокле движењето го признавал за вечно, објаснувајќи го механички. Настанувањето и исчезнувањето на нештата се врши со процесот на спојување и раздвојување. Бидејќи според него не постои празнина, затоа секое спојување и раздвојување на елементите е всушност нивно преместување, промена на местото и премин на едни елементи на местото на други. Во суштина, механичко сфаќање на менувањето ккао во поглед на причината на движењето, така и во поглед на карактерот на менувањето, а оваа дијалектичка спротивност изразува и важна одредба на дијалектичкиот тек, што посебно о истакнува Хегел во својата интерпретација на филозофскиот систем на Емпедокле.
Космологија: Доследно на својата онтологија, Емпедокле ја развива и својата концепција за развитокот на вселената, односно неговата космологија. Тој разликува четири периода во текот на светскиот процес. Прво постои бесквалитетниот сфајрос, првобитната точка на космогонискиот развиток: тој претставува единство на елементите, нивна најсовршена мешавина која настанала благодарение на дејноста на љубовта. Во таа прва фаза потполно владее љубовта, вселената има облик на хомогена топка – „Тогаш не се распознава сонцето, ниту површината на земјата и морето". Втората фаза почнува тогаш кога омразата почнува да делува, се појавува во бесквалитетното единство на топката. Во тој период елементите постојат во еден дел соединети, во еден дел разединети, и настануваат поединечните нешта. Во третата фаза настанува потполно разединување на елементите. Омразата владее неограничено, тука нема движење затоа што омразата вкочанила се, со тоа што ги раздвоила елементите. Тогаш љубовта се сместува на периферијата. И во четвртиот период повторно се појавува љубовта, го спојува она што омразата го раздвоила, ја склопува хармонијата на целината. На тој начин доаѓа до наизменично владеење на љубовта и омразата, што условува циклички карактер на менување на вселената. Тие периоди вечно се повторуваат и вечно обновуваат.
Со доаѓањето на љубовта настанува кружно движење помеѓу елементите, кои дотогаш биле потполно изолирани. Заради тоа, од сфајросот се издвоил најпрво воздухот, кој се распоредува околу светот во облик

на празна топка, чија надворешна кора под влијание на огнот постанува цврста и ја опкружува вселената во вид на небесен покрив, додека во светската топка се случува друг процес. Ветерот, кој се формирал под влијание на љубовта го исфрлува нагоре оганот, кој оган го потиснува воздухот сместен под небесниот покрив, од горната полутопка во долната полутопка. Со тоа се образуваат две внатрешни полутопки, кои го опкружуваат центарот на светот, составен од земја и вода; една од тие полутопки се состои од чист оган, а другата од воздух со мала примеса на оган. Тие полутопки – светлата и темната – го претставуваат дневното и ноќното небо. Причината за промената на денот и ноќта е движењето на небото, поради отсуство на рамнотежа помеѓу неговата светла и темна половина. Таа рамнотежа е нарушена поради акумулацијата на оганот во горниот дел на светот. Сонцето не е извор на светлината. Тоа е кристално тело, кое што претставува фокус кој во себе ги собира елементите на оганот од светлата полутопка и повторно ги расејува по земјата. Месечината е исто така кристално тело, но својата светлина ја добива од сонцето. Ѕвездите се состојат од огнени елементи, расфрлани по темната полутопка, прицврстени за небесниот покрив. Планетите слободно се движат под тој покрив. До сончевото затемнување доаѓа оттаму што месечината се поставува меѓу сонцето и земјата. Светот како целина Емпедокле го замислува на следниот начин – земјината топка неподвижно мирува во средината на вселената. Морската вода е потта на земјата, нејзините испарувања образуваат воздушен слој кој ја опфаќа земјата. Сонцето се наоѓа на периферијата на светот (вселената), ѕвездите и планетите помеѓу сонцето и месечината. Внатрешноста на земјата е огнена, и така ги објаснува вулканите и топлите извори.

Биологија: На својата космологија Емпедокле ја надоврзува својата оригинална биолошка теорија за постепениот развиток на организмите. Теоријата на Емпедокле ја содржи во себе генијалната хипотеза за еволуцијата на органскиот свет врз основа на природната селекција, што претставува историски најрана антиципација на Дарвиновата теорија на еволуцијата, мноу векови подоцна. И овде Емпедокле разликува четири сукцесивни периоди. Во првиот период на земјата, во разни нејзини области, настанале поединечни делови на живи суштества – „Така изникна мноштво на глави без вратови, талкаа голи раце без рамена, се движеа очи без чела". Тоа е периодот на едночлени органи. Во вториот период, под влијание на љубовта, тие органи се споиле во целина, во извесни органски суштества, но случајно, и затоа настанале чудовишни суштества – „Се појави мноштво суштества со две лица и два пара гради, суштества со воловско тело и глава на човек, и обратно, настанаа суштества со човечки тела и воловски глави, кои што наизменично потекнуваа од мажи, и од жени, со влакнести раце". Тоа е период на чудовишта, но голем број од тие чудовишни организми се покажале неспособни за живот и морале да пропаднат. Третиот степен на царството на живите суштества спаѓа во оној период кога единството на сфајросот е во оној период кога е нарушено од омразата. Тоа бил првиот степен на развитокот на нашиот свет, период на суштества кои во целина биле природни – „Но, тие уште немале пријатен склад на коските, ниту имале глас". Во четвртиот период растенијата, животните и луѓето не постануваат повеќе од елементите, туку еден од друг, по пат на размножување. Се врши диференијација на половите. Емпедокле претпоставува дека животинскте облици во борба за опстанок постепено се развиле во своите денешни облици. Со тој принцип го објаснува целисходното уредување на органите кај современите живи суштества. Меѓутоа, нему му е туѓо учењето за целисходноста како движечка сила на развитокот, односно теолошката ортогенеза. Емпедокле е детерминист, причинско-последичното природно објаснување е клучниот принцип на неговата хипотеза – процесот на формирање на различните видови на живи суштества се врши, како и се друго во природата, по нужност.

Гносеологија: Во својата гносеологија Емпедокле консеквентно тврди дека човекот е најсовршена мешавина од сите стихии, и затоа е способен да го спознае светот. Неговата гносеологија е изградена врз принципот – сличното се спознава со слично, еднаквото со еднакво – „Со земјата (во нас) ја гледаме земјата, водата со вода, боженствениот воздух со воздух, оганот со оган, љубовта со љубов и омразата со клетата омраза". Човекот и надворешниот свет се состојат од исти елементи; субјектот и објектот се квалитативно истородни, со што е можно и спознавањето.

Емпедокле го признава примарното значење на осетот во спознавањето. Единствено краткотрајноста на човечкиот живот не спречува да ја дознаеме потполната вистина, а затоа ги гледаме само деловите, а не и целината. Затоа човекот не смее да се задоволува само со сензуалното спознавање, туку оној дел на светот кој што му е даден во неговиот краток живот треба што повеќе да го проширува и што повеќе да дофати од смислата која се наоѓа во раздвоениот свет. Осетите доаѓаат во човекот поради тоа што честичките на поединечните стихии се издвојуваат од нештата, од надворешните предмети, и како одливи или отпечатоци продираат во порите на нашите сетилни органи, каде што се состануваат со еднаквите честички и произведуваат чувство. Во зависност од големината на порите, честичките на нештата или воопшто не продираат во порите, или продираат потполно низ нив, или пак влегуваат внатре – и само во последниот

случај доаѓа до осет. Колку повеќе мешавината на честиците е хомогена, толку посилно е и запазувањето, а доколку честиците се помалку хомогени, толку и осетот е послаб. Емпедокле доаѓа до заклучокот дека мораме што подобро да се служиме со своите сетила, осети, но и дека мораме да ги контролираме со разумот. И Секст-Емпирик вели: „Тој (Емпедокле) докажува дека она што се перцепира со било кој осет воопшто – е вистинито, ако со осетите раководи разумот“.

Центарот на мислењето се наоѓа во крвта, во која четирите елементи се најхармонично, најрамномерно измешани, а посебно крвта во близина на срцето. Објаснувајќи ги болката и задоволството, тој психолошки ги одвојува од сетилните впечатоци. Допирот со сродните предмети истовремено предизвикува и чувство на задоволство, а кога ќе се допре спротивно со спротивно се создава несклад и настанува болка. Болката е своевидна дисхармонија понмеѓу нашите тела и надворешните впечатоци. Во 110-от фрагмент од поемата „За природата“, Емпедокле вели: „Се има свест и учествува во мислењето“. Во плаузибилна интерпретативна рамка, тоа би значело дека се има дух и способност за мислење. Сепак, повеќемина интерпретатори на Емпедокле тврдат дека кај него не може да се пронајде хилозоизам и панпсихизам, затоа што Емпедокле ја признава способноста за мислење единствено на органските суштества, во кои тој ги признава и растенијата.

Етика: Спротивставени сфаќања има и во поглед на неговата поема „Катхармои“ („Прочистувања“), од која се сочувани 42 фрагменти. Некои сметаат дека помеѓу неовата поема „За природата“ и „Катхармои“ не постои никаква врска, и дека тие одразуваат различни сфаќања. Како и Питагора, и Емпедокле го проширува, на оригинален начин, орфичкото учење за селење на душата, па за себе вели: „Едно време веќе бев и момче, и девојка, растение, и птица и нема риба од широко море што скока“. Се сретнуваат и мисли за „златното доба“, првобитната состојба – време на љубовта и период на владеење на Афродита. Меѓутоа, колку повеќе се распространувала омразата, толку повеќе се губела првобитната состојба на љубов меѓу луѓето, па така земјата станала „немило место“ и „полјана на бедата“. Од небесното царство паѓале душите на земјата за да ја трпат својата казна заради напуштањето на љубовта. Самиот Емпедокле и за себе пишува – „Гледајќи го туѓото место, јас заплакав, офнав горчливо“; а понатаму и „од каква убавина и каква полнотија со блаженство дојдов тогаш во затрупана пештера“.

Отфрлајќи го антропоморфниот политеизам, Емпедокле објаснува дека единствено љубовта смее да се почитува, и на тој начин, со така сфатената сеопшта љубов ја создава првата филозофска парадигма на христијанска љубов. Според Емпедокле, човечкиот живот е живот на омраза, и во тоа се состои трагиката на човечкиот живот. Затоа тој пишува – „Останете понастрана од злобата“. Трагиката се појавува и оттаму што луѓето не се сеќаваат и знаат за љубовта, за селењето на душата. И растенијата и животните не се ништо друго освен ние самите во променетиот лик поради метаморфозата на животот – „Доста со тој одвратен колеж! Зарем не гледате вие како (се) јадете еден (со) друг во слепилото на својот ум“. Не треба да се противречи на првобитната поврзаност на суштествата во слога, мир и љубов, и единствено со таков живот може човекот да се ослободи од прангите на телесноста и да влезе во вечноста, во блаженството.

Потврда за вредноста на учењето на Емпедокле се наоѓа и на едно место во „Метафизика“ на Аристотел, во кое тој пишува: „Еден друг филозоф и зема во обзир пријателството и омразата; секој од овие два принципа е причина на една од овие две појави. Имено, ако би се продолжило Емпедоклеовото расудување и ако тоа би се зело во негова смисла а не во непосредно значење, кое не е ништо друго освен најчесно зборување, би се дошло до тоа, дека љубовта е причина на доброто, а омразата причина на злото. Според тоа, ако некој помисли дека Емпедокле, во една смисла, ги спомнал, и тоа прв, доброто и злото како прапринципи, тогаш убаво би можело да се рече дека причина на секое добро е самото добро (а причина на секое зло самото зло)“.

Ученик на Емпедокле бил Горгија, славниот софист. Забележливо е влијанието во гносеологијата кај Демокрит, додека многу делови од славните книги на Платон се директно под влијание на Емпедокле, посебно во „Тимај“ и „Гозба“. На пример, во „Гозба“, Аристофан при говорењето на својата беседа во чест на љубовта директно употребува мисли од Емпедокле. Инспирација во неговите мисли пронаоѓале и Овидиј, Тит Лукреције Кар, Џордано Бруно (за единството на вселената), Томазо Кампанела, Фридрих Ниче, Ромен Ролан, и многу други.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Aristotel„ Metafizika“, Kultura, Beograd, 1960

Bosnjak B. „Grcka filozofija od prvih pocetaka do Aristotela I odbrani tekstovi filozofa“, Matica Hrvatska, Zagreb, 1978

Diels H. „Predsokratovci – fragmenti“, Naprijed, Zagreb, 1983

Djuric M.N. „Istorija helenske etike“, Beograd, 1987
Hegel G.V.F. „Istorija filozofije“, BIGZ, Beograd, 1983
Laertije D. „Zivoti I mislenja istaknutih filozofa“, BIGZ, Beograd, 1985
Nice F. „Filozofija u tragicnom razdoblju Grka“, Grafos, Beograd, 1979
Windelband W. „Povijest filozofije“, Naprijed, Zagreb, 1990